Бр: 10-77
Скопје: 21.07.2021

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 21.07.2021 година го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

Комисијата за заштита на конкуренцијата го разгледа доставеното Барање на мислење од страна на Владата на Република Северна Македонија бр. 09-3889/4 од 06.07.2021 година, во врска со активностите за реализација на инвестицискиот проект на компанијата Лутекс ДОО Велес, со кој Владата на Република Македонија на 10.10.2016 година има склучено Договор за доделување на државна помош со бр. 14-113/1, врз основа на Решение бр. 10-48 од 03.10.2016 година, издадено од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Согласно правната рамка за доделување на државна помош и деловниот план на компанијата, Лутекс ДОО Велес е обврзана да инвестира најмалку 4.000.000 евра и да вработи најмалку 150 лица, во периодот од Датумот на почеток на инвестицискиот проект до 31.12. 2021 година.

Компанијата Лутекс ДОО Велес, на 29.03.2021 година, писмено ја известила Владата на Република Северна Македонија, како давател на државна помош, дека не е во можност навремено да ги изврши преземените обврски кои произлегуваат од Договорот за доделување на државна помош во утврдените временски рокови поради настанатата состојба предизвикана од пандемијата Ковод-19, која како резултат на забавување на глобалната економија има директно влијание и на работењето на компанијата.

Лутекс ДОО Велес на ден 04.05.2021 година писмено ја има известено Владата на Република Северна Македонија дека има вработено 94 лица со полно работно време и има реализирано вкупно инвестиции во износ од околу 95.000.000 МКД.

Врз основана на горенаведеното, изготвен е Анекс Договор бр 1 со кој се предлага продолжување на роковите за реализација на инвестицискиот проект и исплата на државната помош за една година, со што до крајот на 2021 година да се достигне бројот од 120 лица, а до крајот на 2022 година да се достигне до 150 нововработени лица.

Комисијата укажува дека во Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 109/13), **не е регулиран периодот на инвестицискиот проект**. Оттука, Комисијата смета дека не е потребна интервенција во смисла на поништување или дополнување на постојното решение кое се однесува на оваа инвестиција.

Комисијата воедно укажува дека, согласно Член 6 од истата Уредба **инвестицијата мора да се одржува во период од најмалку пет години по нејзината целосна реализација**. Воедно, согласно Член 5 од Уредбата, давателот на државна помош е обврзан да води сметка максималниот интензитет на регионалната инвестициска помош да не го надмине износот од 50% од оправданите инвестициски трошоци.

Давателот на државна помош **има обврска** до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави годишен извештај согласно Законот за контрола на државната помош и согласно Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 142/11), на Образецот даден како Прилог III од горенаведената Уредба.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**